# Состојба со COVID-19 во Северна Македонија и светот

## СОСТОЈБА СО COVID-19 ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, период 02-08.01.2023

Тестирани се вкупно 2.063 материјали во лабораториите во кои се спроведува молекуларно тестирање и антигенско тестирање за присуство на SARS-CoV-2, со намалување од 11,8% во однос на минатата недела (n=2.338).

Регистрирани се 238 нови позитивни случаи од 23 градови во државата, за 6,3% помалку во однос на минатата недела (n=254). Процентот на позитивност се движи од 2,8% до 18,7%, просечно 11,8%.

***__Табела 1.__*** *Тестирани и позитивни во период од 02-08.01.2023*

| *Датум* | *Тестирани* | *Позитивни* | *% на позитивност* |
|---|---|---|---|
| ***02.1.2023*** | 85 | 13 | 15,3% |
| ***03.1.2023*** | 553 | 50 | 9,0% |
| ***04.1.2023*** | 460 | 74 | 16,1% |
| ***05.1.2023*** | 491 | 49 | 10,0% |
| ***06.1.2023*** | 187 | 35 | 18,7% |
| ***07.1.2023*** | 110 | 12 | 10,9% |
| ***08.1.2023*** | 177 | 5 | 2,8% |
| ***Вкупно*** | ***2.063*** | ***238*** | ***11,8%*** |

Најголем дел од регистрираните случаи се од Скопје (n=183; 76,9%). Највисока инциденца е регистрирана во Скопје (30,1/100.000), Македонски Брод (19,8/100.000) и Гевгелија (18,5/100.000). (*Табела 2, Картограм 1*).

Регистрирани се заболени лица во сите возрасни групи, со најголем број на случаи пријавени во возрасната група над 60 години (n=110; 46,2%). Се забележува намалување кај возрасните групи од 20-29 (-5,3%), 30-39 (-36,6%), 40-49 (-12,2%) и 50-59 години (-35,2%), а зголемување кај возрасните групи од 10-19 години (+75,0%) и над 60 години (+23,6%). Ист број број во последните две недели е регистриран кај најмладите, децата од 0-9 години.

Во текот на минатата недела со статус „оздравени“ се стекнале 242 лица во хоспитални услови или на домашно лекување, со зголемување од 0,8% во споредба со минатата недела (n=240).

Во текот на минатата недела пријавени се 87 реинфекции, за 12,1% помалку во однос на претходната недела (n=99).

Во текот на последната недела (02-08.01.2023), пријавени се 2 починати лица од Велес (60 г.) и Скопје (90 г.) со коморбидитети и починати во болнички услови.

**<u>Картограм 1.</u>** *Инциденца на 100.000 жители, COVID-19, период 02-08.01.2023, Р.С Македонија*




Во однос на состојбата во светот, по земји, најновите податоци од СЗО се на следниот линк - [https://www.who.int/emergencies/diseases/novel-coronavirus-2019/situation-reports/](https://www.who.int/emergencies/diseases/novel-coronavirus-2019/situation-reports/)

## КУМУЛАТИВНА СОСТОЈБА СО COVID-19 ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Заклучно со 08.01.2023, пријавени се вкупно 346.095 случаи на COVID-19 (I=18.843,2/100.000).

Најголем дел од заболените се регистрирани во Скопје, Куманово и Битола, а највисок морбидитет е регистриран во Кавадарци (30.769,8/100.000) и Скопје (26.968,1/100.000). Највисок морталитет се регистрира во Охрид, Прилеп и Кавадарци. Највисок леталитет се регистрира во Струга (*Табела 2*).

***Табела 2.*** *Кумулативна дистрибуција на заболени од COVID-19 по ЦЈЗ/ПЕ, РС Македонија, до 08.01.2023*

| Дистрибуција по градови | Заболени (вкупно) | Морбидитет | Умрени (вкупно) | Морталитет (кумулативно) | Леталитет (кумулативно) | Оздравени (вкупно) | Активни случаи (вкупно) | Заболени (последни 7 дена) | Инциденца последни 7 дена | Заболени последни 14 дена | Инциденца последни 14 дена | Промена на инциденца во два 14 дневни периоди |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **346095** | **18843,2** | **9623** | **523,9** | **2,8%** | **336215** | **257** | **238** | **13,0** | **492** | **26,8** | ▲ 19,1% |
| Скопје | 163698 | 26968,1 | 3262 | 537,4 | 2,0% | 160243 | 193 | 183 | 30,1 | 377 | 62,1 | ▲ 32,3% |
| Куманово | 18289 | 14759,5 | 631 | 509,2 | 3,5% | 17642 | 16 | 13 | 10,5 | 19 | 15,3 | ▲ 216,7% |
| Битола | 18092 | 19433,9 | 502 | 539,2 | 2,8% | 17588 | 2 | 2 | 2,1 | 7 | 7,5 | ▼ 80,0% |
| Прилеп | 15674 | 17950,5 | 603 | 690,6 | 3,8% | 15064 | 7 | 6 | 6,9 | 14 | 16,0 | ▼ 36,4% |
| Тетово | 14493 | 8683,7 | 600 | 359,5 | 4,1% | 13890 | 3 | 3 | 1,8 | 4 | 2,4 | ▼ 55,6% |
| Кавадарци | 12163 | 30769,8 | 272 | 688,1 | 2,2% | 11886 | 5 | 5 | 12,6 | 17 | 43,0 | ▲ 21,4% |
| Велес | 10838 | 18173,0 | 329 | 551,7 | 3,0% | 10508 | 1 | 2 | 3,4 | 4 | 6,7 | ▲ 33,3% |
| Охрид | 10372 | 18807,9 | 403 | 730,8 | 3,9% | 9967 | 2 | 1 | 1,8 | 4 | 7,3 | ▼ 63,6% |
| Гостивар | 10291 | 12156,5 | 430 | 508,0 | 4,2% | 9860 | 1 | 1 | 1,2 | 4 | 4,7 | ▲ 300,0% |
| Штип | 8806 | 18237,2 | 239 | 495,0 | 2,7% | 8563 | 4 | 3 | 6,2 | 8 | 16,6 | = 0,0% |
| Струмица | 8804 | 11140,5 | 385 | 487,2 | 4,4% | 8416 | 3 | 3 | 3,8 | 4 | 5,1 | ▲ 33,3% |
| Кичево | 6083 | 15334,4 | 227 | 572,2 | 3,7% | 5855 | 1 | 0 | 0,0 | 4 | 10,1 | = 0,0% |
| Кочани | 5555 | 14185,8 | 220 | 561,8 | 4,0% | 5333 | 2 | 1 | 2,6 | 3 | 7,7 | = 0,0% |
| Струга | 5179 | 9709,6 | 306 | 573,7 | 5,9% | 4872 | 1 | 1 | 1,9 | 1 | 1,9 | = 0,0% |
| Гевгелија | 4912 | 22759,7 | 123 | 569,9 | 2,5% | 4785 | 4 | 4 | 18,5 | 8 | 37,1 | ▲ 60,0% |
| Неготино | 4162 | 22875,7 | 88 | 483,7 | 2,1% | 4072 | 2 | 1 | 5,5 | 2 | 11,0 | = 0,0% |
| Ресен | 3032 | 21095,1 | 62 | 431,4 | 2,0% | 2970 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | = 0,0% |
| Радовиш | 2844 | 10593,4 | 104 | 387,4 | 3,7% | 2739 | 1 | 1 | 3,7 | 1 | 3,7 | ▼ 66,7% |
| Свети Николе | 2797 | 15906,5 | 80 | 455,0 | 2,9% | 2717 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | = 0,0% |
| Крива Паланка | 2663 | 12372,2 | 129 | 599,3 | 4,8% | 2534 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | = 0,0% |
| Делчево | 2188 | 16106,0 | 69 | 507,9 | 3,2% | 2118 | 1 | 1 | 7,4 | 1 | 7,4 | = 0,0% |
| Берово | 1881 | 17272,7 | 60 | 551,0 | 3,2% | 1821 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | ▼ 100,0% |
| Дебар | 1814 | 9481,5 | 83 | 433,8 | 4,6% | 1730 | 1 | 1 | 5,2 | 1 | 5,2 | = 0,0% |
| Валандово | 1605 | 15274,1 | 48 | 456,8 | 3,0% | 1556 | 1 | 1 | 9,5 | 1 | 9,5 | ▼ 50,0% |
| Виница | 1479 | 10217,6 | 64 | 442,1 | 4,3% | 1415 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | = 0,0% |
| Пробиштип | 1302 | 9704,1 | 52 | 387,6 | 4,0% | 1250 | 0 | 0 | 0,0 | 1 | 7,5 | = 0,0% |
| Кратово | 1135 | 15043,1 | 38 | 503,6 | 3,3% | 1096 | 1 | 1 | 13,3 | 1 | 13,3 | = 0,0% |
| Богданци | 1110 | 15124,7 | 25 | 340,6 | 2,3% | 1084 | 1 | 0 | 0,0 | 1 | 13,6 | ▼ 66,7% |
| Крушево | 1042 | 12427,0 | 46 | 548,6 | 4,4% | 995 | 1 | 1 | 11,9 | 1 | 11,9 | = 0,0% |
| Демир Хисар | 932 | 12837,5 | 42 | 578,5 | 4,5% | 889 | 1 | 1 | 13,8 | 1 | 13,8 | = 0,0% |
| Македонски Брод | 805 | 7961,6 | 32 | 316,5 | 4,0% | 771 | 2 | 2 | 19,8 | 2 | 19,8 | = 0,0% |
| Демир Капија | 630 | 16679,9 | 20 | 529,5 | 3,2% | 610 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | = 0,0% |
| Македонска Каменица | 536 | 8324,3 | 25 | 388,3 | 4,7% | 511 | 0 | 0 | 0,0 | 1 | 15,5 | = 0,0% |
| Пехчево | 519 | 13030,4 | 16 | 401,7 | 3,1% | 503 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | = 0,0% |
| Дојран | 370 | 11997,4 | 8 | 259,4 | 2,2% | 362 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | = 0,0% |

Регистрирано е зголемување на инциденцата во последните две недели во 7 градови, со најголемо зголемување во Гостивар. Намалување се забележува во 8 градови, а состојбата останува непроменета во 20 градови. (*Табела 2*).

Во однос на дистрибуцијата по пол, регистрирани се 165.006 (47,7%) машки и 181.089 (52,3%) женски лица. Специфичниот морбидитет кај машките е 18.110,9/100.000, а кај женските 19.563,9/100.000.

Возраста на заболените се движи од 0 до 101 година (просек – 45,3 години). Најголем број на заболени се на возраст над 60 години – 88.400 (25,5%), додека највисок специфичен морбидитет од 26.086,1/100.000 се регистрира кај возрасната група од 30-39 години (n=65.341). Најнизок специфичен морбидитет од 4.392,3 на 100.000 жители се регистрира кај деца на возраст од 0-9 години, каде е пријавено 9.041 лице (*Графикон 1*).

***Графикон 1**. Дистрибуција на заболените од COVID-19 според возрасна група (n=346.095)*




Во однос на датумот на пријавување, првиот случај е регистриран на 26.02.2020. Највисок број на пријавени случаи на дневно ниво (n=2.344) е регистриран на 24.01.2022.

Првиот случај е регистриран во 9-тата недела, а од 11-тата недела во 2020 година континуирано се регистрираат нови потврдени случаи. Најголем број на заболени на неделно ниво (n=11.882) е регистриран во текот на четвртата недела во 2022. Се регистрира континуиран пад на бројот на случаите од 31/2022-1/2023 недела, со повремени флуктуации кои се резултат на нискиот број на тестирани и позитивни лица (*Графикон 2*).

***Графикон 2.*** *Дистрибуција на заболените од COVID-19 во Р. С. Македонија според недела на лабораториска дијагностика, до 08.01.2022 (n=346.095)*




Според извештаите од болниците, моментално се хоспитализирани 30 лица (3,1 пати повеќе во споредба со претходната недела), од нив 12 се на кислородна поддршка (за 4 повеќе во споредба со претходната недела) и нема пациенти на инвазивна/неинвазивна механичка вентилација.

Заклучно со 08.01.2022, регистрирана е вкупно 21.384 (6,2%) реинфекции.

Регистрирани се 9.623 смртни случаи (Лт=2,8%). Во однос на недела на пријавување најголем број се регистрирани се во тек на 14-тата недела во 2021 (n=317) (*Графикон 3*). Најголем дел се на возраст над 60 години (n=8.049; 83,6%) со највисок специфичен морталитет – 1.828,8/100.000 жители. Регистрирани се 5.716 (59,4%) смртни случаи кај лица од машки и 3.907 (40,6%) кај лица од женски пол. Кај 7.746 (80,7%) се регистрирани коморбидитети, најчесто кардиоваскуларни (n=6.442), дијабет (n=2.603) и белодробни (n=1.185).

Од реинфекциите, 27 завршиле со смртен исход. Регистрирани се 9 смртни случаи кај бремени жени и 41 смртен случај кај здравствени работници. Од смртните случаи, 863 (9,0%) починале во вонболнички, а 8.760 (91,0%) во хоспитални услови.

***<u>Графикон 3.</u>***_Смртни случаи, COVID-19, РСМ по недела на смрт, до 08.01.2022 (n=9.623)_




Од 15.02.2020-08.01.2022 тестирани се вкупно 2.210.818 материјали, во лабораториите во кои се спроведува молекуларно тестирање за присуство на SARS-CoV-2 и во лабораториите/здравствените установи во кои се спроведува брз антигенски тест. Со ова, во Р. С. Македонија се направени 1.068.455 тестови на 1.000.000 жители.

Од вкупниот број на тестирани материјали, 1.465.719 или 66,3% се со молекуларно (PCR) тестирање, додека останатите 745.099 или 33,6% се со брз антигенски тест.

<u>Според исходот од заболувањето</u>, 257 лица (0,07%) се активни случаи, а 336.215 случаи (97,15%) се водат како оздравени, кои биле или хоспитализирани или на домашно лекување (*Табела 3*).
Од случаите кои се водат како оздравени, а ИЈЗ располага со податок до моментот на епидемиолошка анкета (n=313.269), 14.730 или 4,7% биле хоспитализирани.

***Табела 3.*** *Исход на заболување по градови, Р.С. Македонија (n=346.095)*

| Дистрибуција по град | Болест во тек | Оздравен | Смртен исход | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Скопје** | 193 | 160243 | 3262 | 163698 |
| **Куманово** | 16 | 17642 | 631 | 18289 |
| **Битола** | 2 | 17588 | 502 | 18092 |
| **Прилеп** | 7 | 15064 | 603 | 15674 |
| **Тетово** | 3 | 13890 | 600 | 14493 |
| **Кавадарци** | 5 | 11886 | 272 | 12163 |
| **Велес** | 1 | 10508 | 329 | 10838 |
| **Охрид** | 2 | 9967 | 403 | 10372 |
| **Гостивар** | 1 | 9860 | 430 | 10291 |
| **Штип** | 4 | 8563 | 239 | 8806 |
| **Струмица** | 3 | 8416 | 385 | 8804 |
| **Кичево** | 1 | 5855 | 227 | 6083 |
| **Кочани** | 2 | 5333 | 220 | 5555 |
| **Струга** | 1 | 4872 | 306 | 5179 |
| **Гевгелија** | 4 | 4785 | 123 | 4912 |
| **Неготино** | 2 | 4072 | 88 | 4162 |
| **Ресен** |  | 2970 | 62 | 3032 |
| **Радовиш** | 1 | 2739 | 104 | 2844 |
| **Свети Николе** |  | 2717 | 80 | 2797 |
| **Крива Паланка** |  | 2534 | 129 | 2663 |
| **Делчево** | 1 | 2118 | 69 | 2188 |
| **Берово** |  | 1821 | 60 | 1881 |
| **Дебар** | 1 | 1730 | 83 | 1814 |
| **Валандово** | 1 | 1556 | 48 | 1605 |
| **Виница** |  | 1415 | 64 | 1479 |
| **Пробиштип** |  | 1250 | 52 | 1302 |
| **Кратово** | 1 | 1096 | 38 | 1135 |
| **Богданци** | 1 | 1084 | 25 | 1110 |
| **Крушево** | 1 | 995 | 46 | 1042 |
| **Демир Хисар** | 1 | 889 | 42 | 932 |
| **Македонски Брод** | 2 | 771 | 32 | 805 |
| **Демир Капија** |  | 610 | 20 | 630 |
| **Македонска Каменица** |  | 511 | 25 | 536 |
| **Пехчево** |  | 503 | 16 | 519 |
| **Дојран** |  | 362 | 8 | 370 |

| ВКУПНО | 257 | 336.215 | 9.623 | 346.095 |
|---|---|---|---|---|

**ПРОЦЕНА НА РИЗИК ЗА ПОНАТАМОШНО ШИРЕЊЕ НА COVID-19 И ПРЕПОРАЧАНИ МЕРКИ**

Репродукцискиот број на заразени од COVID-19 (R0) во Р. С. Македонија изнесува 1,09 заклучно со 08.01.2023. За споредба, R0 заклучно со 08.01.2023 изнесуваше 1,27.

***Графикон 4.*** Дневна инциденца на 100.000 жители и R0, COVID-19, Р.С.М, до 08.01.2023




Според категоризацијата на ризикот и проценката на ситуацијата земајќи ги во предвид индикаторите на СЗО за можноста за понатамошна трансмисија и капацитетите за одговор на земјата[1] се проценува дека:

❖ Република Северна Македонија е во фаза на широка трансмисија, подниво 1, со соодветни капацитети за одговор.

**Препорачани мерки за превенција и контрола од СЗО согласно проценетата фаза и подниво**

Се препорачува следење на основните мерки за превенција на КОВИД-19.

[1]Извор: https://phsm.euro.who.int/calibrationTool

## ВАКЦИНАЦИЈА ПРОТИВ COVID-19 ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

На 17.02.2021 во Р. С. Македонија започна вакцинацијата против COVID-19.

Заклучно со 08.01.2023, вакцинирани се вкупно 875.985 лица со барем една доза на вакцина против COVID-19 во државата и странство. Комплетно вакцинирани (со две дози) се вкупно 857.069 лица (Табела 4).

***Табела 4.*** *Вакцинирани лица против COVID-19, РСМ, по тип на вакцина/ доза*

| вакцина/ доза | Прва доза | Втора доза | Трета доза | Четврта доза | Вкупно аплицирани дози |
|---|---|---|---|---|---|
| Pfizer/Biontech | 375931 | 366643 | 162922 | 8480 | 913976 |
| Sinovac | 251158 | 245468 | | | 496626 |
| Sinopharm | 153570 | 152866 | | | 306436 |
| AstraZeneca | 71548 | 68880 | | | 140428 |
| Sputnik V | 23303 | 22998 | | | 46301 |
| Moderna | 208 | 183 | 80 | 134 | 605 |
| Janssen* | 267 | 31 | | | 298 |
| **ВКУПНО** | **875.985** | **857.069** | **163.002** | **8.614** | **1.904.670** |

*вакцинирани само во странство

Со една доза на вакцина против COVID-19, во државата и странство, вакцинирани се 59,7% од населението над 18 годишна возраст, односно 55,2% од население над 12 годишна возраст, додека од вкупното население вакцинирани се 47,7%.

Опфатот со две дози на вакцина против COVID-19 кај населението над 18 годишна возраст изнесува 58,4%, односно 54,0% кај население над 12 годишна возраст. Опфатот со две дози кај вкупното население изнесува 46,7%.

Опфатот со трета доза кај населението над 18 годишна возраст изнесува 11,1%, додека кај населението над 12 годишна возраст е 10,3%. Опфатот со трета доза на вкупното население изнесува 8,9%.

Со четврта доза се вакцинирани вкупно 0,59% од населението над 18 годишна возраст, односно 0,54% од населението над 12 годишна возраст, а опфатот кај вкупното население изнесува 0,47%.

Најголем број на вакцинирани лица е регистриран во 33-та недела од 2021 година (n=102.132). Бројот на аплицирани дози изминатата недела изнесува вкупно 10, од тоа 4 се прва доза, 1 како втора доза, 4 аплицирани како трета доза и 1 аплицирана како четврта доза.

Скопје, 09.01.2022

***Оддел за епидемиологија на заразни болести***

*Институт за јавно здравље*